**VILPIN®/ВИЛПИН®** таблета 5 mg
**VILPIN®/ВИЛПИН®** таблета 10 mg

Amlodipine

**Пред употреба на лекот внимателно прочитај го упатството**

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт*
- *Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.*

**Внатрешното упатство содржи**


1. *Што претставува лекот ВИЛПИН® и за што се употребува*
2. *Што мора да знаете, пред да го земете/употребите лекот ВИЛПИН®*
3. *Како да го земате/употребувате лекот ВИЛПИН®*
4. *Можни несакани дејства(ефекти)*
5. *Чување и рок на употреба на лекот ВИЛПИН®*


ШТО ПРЕТСТАВУВА ВИЛПИН И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА?

ВИЛПИН се произведува како таблети со 5 и 10 mg амлодипин во форма на амлодипин бесилат. Останатите состојки на ВИЛПИН таблетите се: микрокристална целулоза, безводен колоиден силициум гел и магнезиум стеарат.

ВИЛПИН таблетите 5 mg се бели до слабо жолтеникави тркалезни таблети, со рамни површини и коси рабови со ознака "АМ 5" на едната страна и разделна црта на другата страна.

ВИЛПИН таблетите 10 mg се бели до слабо жолтеникави тркалезни таблети, со рамни површини и коси рабови со ознака "АМ 10" на едната страна и разделна црта на другата страна.

Вилпин го има во пакување од 30 таблети.
Вилпин припаѓа на групата на лекови кои се нарекуваат антагонисти на калциум.

Начин на издавање: Лекот се издава во аптека само врз основа на рецепт.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

Носител на одобрение за промет и произведувач:

**Застапник:**
ПЛИВА Д.О.О.Е.Л - СКОПЈЕ
Никола Парапунов бб
СКОПЈЕ - МАКЕДОНИЈА

**Производител:**
Плива Хрватска д.о.о.
Загреб, Хрватска
Место на производство: PLIVA KRAKOW, pharm.company S.A.
Краков,
Полска

**За што се употребува Вилпин?**

Вилпин е лек кој се употребува за лекување на висок крвен притисок (хипертензија) или одредени видови болка во градниот кош наречени ангина пекторис, вклучувајќи и редок вид наречен Printzmetal-ова ангина. Кај болни со хипертнзија, Вилпин го намалува високиот крвен притисок со што ги опушта крвните садови во телото и на тој начин го подобрува протокот на крв низ нив. Кај болни со ангина, Вилпин ја подобрува снабденоста на срцевиот мускул со кислород и на тој начин ја спречува појавата на болка. Вилпин не овозможува моментален прекин на болката при напад на ангина.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО ЗЕМЕТЕ ВИЛПИН

Не ги земајте овие таблети доколку:
-сте алергични на амлодипин или други антагонисти на калциум, односно на било која состојка на овој лек. Ова може да се манифестира со чешање, црвенило на кожата или потешкотии во дишењето.
-имате кардиоген шок, стеноза на аорта (стеснување на аорталниот срцев залисток) или нестабилна ангина
-сте трудни или доите. Кај жени во генеративниот период, се препорачува контрацепција.

Задолжително известете го својот лекар:
-ако скоро сте прележале инфаркт или имате хипертензивна криза (состојба која се манифестира со нагло влошување на општата состојба со висок пораст на притисокот во релативно краткотрајна состојба и знаци на енцефалопатија)
-ако имате болест на црниот дроб,
-ако сте помлади од 18 години.

Можно е сепак да може да земате Вилпин доколку Вашиот лекар го оцени тоа за нужно.

3. КАКО ДА СЕ ЗЕМА/УПОТРЕБУВА ВИЛПИН?

Важно е да се придржувате на советите на лекарот за тоа кога и како да се зема овој лек.

- Вообичаено е да се зема една таблета на ден.
- Најдобро е да се зема таблетата во исто време секој ден.
- Важно е редовно да се зема лекот затоа што Ви помага да се контролира Вашата болест
- Секогаш проверувајте дали имате доволно таблети и внимавајте да не Ви недостигаат.

**Доколку сте зеле повеќе Вилпин таблети од она што било потребно:**
Повеќе таблети одеднаш може да Ви наштетат. Затоа што поитно јавете се на својот лекар или во најблиската здравствена установа. Кутијата на Вилпин понесете ја со себе.

**Што треба да направите доколку сте пропуштиле да го земете лекот?**
Доколку заборавете да земете таблета во вообичаеното време, продолжете со следната вообичаена доза. Немојте да земате двојна доза за да ја надоместите пропуштената.

**4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА**

Како и сите лекови и Вилпин може да предизвика некои несакани дејства.
Помеѓу најчестите несакани дејства се вбројуваат главоболки, отоци (на пр. во предел на глуждовите), кожен осип, чувство на замор, мачнина, таласи на топлина, вртоглавица и оток или болка на непцата.
Доколку приметите некое од горе наведените несакани дејства, посоветувајте се со својот лекар.
Во ретки случаи опишани се :
-чешање на кожата, губење на косата, палпитации (забрзани или неправилни отчукавања на срцето), губење на здив, болки во стомакот, болки во грбот, жгаравица, грчеви на мускулите, општа слабост, поспаност, несоница, потешкотии со варењето на храната, болки во мускулите или зглобовите, промени на расположениетo, зачестено мокрење особено ноќе, зголемување на нивото на шеќер во крвта, сувост на устата, губење на чувство на болка, воспаление на панкреас, засилено потење, губење на свеста, промени во црвените крвни клетки(што се манифестира со појава на модрици или крварење), црвенило на кожата, можност за одржување на ерекцијата, пореметување на видот, пораст или губиток на телесна тежина, трнење, тремор, кашлица, промена на чувството на вкус, зуење во ушите, кивање/.. и меури по кожата.
-Во многу ретки несакани дејства се вбројуваат пореметување на функцијата на црниот дроб, воспаление на црниот дроб, жолтица, тешки кожни реакции и зголемување на градите кај мажи.
-Следните несакани дејства забележани се кај болни, но нивната врска со употреба на амлодипин или со болеста не е потврдена: инфаркт, неправилни отчукувања на срцето (аритмии) и болки во градите.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО * СКОПЈЕ

Секој лек може да предизвика алергиска реакција. Сериозни алергиски реакции не се јавуваат често и ретко се опасни по живот. Доколку ненадејно Ви се појави дахтање, потешкотии во дишењето, оток на капаците, лицето или усните, осип или чешање по телото, веднаш јавете се на лекар.
За секое несакано дејство известете го својот лекар или фармацевт.

## 5. ЧУВАЊЕ НА ВИЛПИН ТАБЛЕТИТЕ

- **Нема посебни упатства за чување.**
- Лекот чувајте го на места недостапни за деца!
- Запамтете , овој лек Ви е препишан Вам. Само лекар може да Ви го препише. Никогаш не го давајте на некој друг. Лекот може да наштети на друг, дури и ако има исти симптоми како Вашите.

Таблетите не ги земајте:

- по истекот на рокот на употреба отиснат на амбалажата
- ако таблетите не изгледаат како што е опишано погоре.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Број и датум на решението за ставање на лекот во промет.**

**Изработка на упатството: Септември, 2005**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО * СКОПЈЕ